

# Консолидиран Годишен финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО во 2024 година

# СОДРЖИНА

**Вовед**..........3
**Остварени приходи во 2024 година**..........4
**Остварени расходи во 2024 година**..........5
**Консолидиран финансиски резултат – добивка**..........7
**Пренесена количина на електрична енергија и регулирана тарифа**..........7
**Резиме**..........8

# Вовед

АД МЕПСО е компанија во целосна државна сопственост, која е формирана во 2005 година, со трансформација на Електростопанство на Македонија. Основна дејност на АД МЕПСО е непречен пренос на електрична енергија низ високонапонската мрежа и редовен навремен ток на електрична енергија до своите клиенти: директните потрошувачи и до дистрибутивните мрежи на АД ЕВН Македонија и ЕСМ Енергетика.

Основните функции на АД МЕПСО се пренос на електрична енергија и управување со електропреносниот систем. АД МЕПСО е одговорен за редовен пренос на електрична енергија од македонската граница до дистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија и директните потрошувачи, исто така го организира и диспечира транзитот на електрична енергија, а воедно се грижи и за балансирањето на електроенергетскиот систем.

АД МЕПСО врши целосно, навремено и постојано остварување на јавниот интерес – навремен и стабилен пренос на електрична енергија низ високонапонската мрежа, а воедно обезбедува управување со доверлив и стабилен електро-енергетски систем.

АД МЕПСО Скопје со состојба на 31.12.2024 година има вложувања во македонскиот оператор на пазар на електрична енергија-МЕМО ДООЕЛ Скопје, основна главнина, запишан и уплатен капитал во вкупен износ од 115.743.000 денари.

Со одвојувањето на МЕМО ДООЕЛ Скопје, како посебен правен субјект од 01 октомври 2019 година, Националниот оператор на пазар на електрична енергија води посебна евиденција за сите финансиски и останати деловни активности од своето работење, ги евидентира приходите од регулираната енергетска дејност пазар, приходите и расходите од повластените производители на електрична енергија, како и останатите приходи и расходи, плати, амортизација и сл.

Согласно Одлуката на Владата на РСМ донесена во септември 2020 година МЕМО се назначува за Оператор на организираниот пазар на електрична енергија, при што следуваат активности за исполнување на потребните технички услови со цел воспоставување и започнување со организираниот пазар на електрична енергија во РСМ. Согласно Законот за енергетика од 2018 година и со либерализацијата на пазарот на електрична енергија, во месец мај од 2023 година стартуваше со работа македонската берза на електрична енергија, со основна цел да се добијат референтни цени и релевантни цени за потрошувачите во нашата земја.

Консолидираниот годишен финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО за 2024 година ги содржи остварените деловни и финансиски податоци за работењето на електропреносниот систем оператор - АД МЕПСО за тековната 2024 година и остварените деловни и финансиски податоци од работењето во 2024 година на Националниот оператор на пазар на електрична енергија- МЕМО ДООЕЛ Скопје.

# Остварени приходи во 2024 година

Во Консолидираниот Биланс на успех (Извештај за добивка или загуба) за 2024 година на АД МЕПСО од Друштвото кое е консолидирано, дополнително се евидентирани приходи на износ од 8.565.946 иљади денари, така што вкупните приходи на АД МЕПСО во Билансот на успех од 6.579.874 иљади денари во консолидираниот биланс имаат зголемување и изнесуваат 15.025.900 иљади денари.

Имено во деловната 2024 година во консолидираниот Биланс на успех на АД МЕПСО остварените вкупни приходи во висина од 15.025.900 иљади денари или 244,32 милиони евра, се резултат на остварените приходи на АД МЕПСО на износ од 6.579.874 иљади денари или 106,99 милиони евра и остварените приходи од МЕМО ДООЕЛ – Скопје во висина од 8.565.946 иљади денари или 139,28 милиони евра.

Од остварените приходи најзначаен е приходот од основната, регулирана дејност пренос на електрична енергија, кој изнесува 1.765.138 иљади денари или 28,70 милиони евра, приходот од пазарот на електрична енергија е остварен во вредност од 81.194 иљади денари или 1,32 милиони евра, приходот од алокација на прекуграничните преносни капацитети е остварен во вредност од 2.164.449 иљади денари или 35,19 милиони евра, а приходите од продажбата на електрична енергија набавена од повластените производители изнесуваат 2.493.486 иљади денари или 40,54 милиони евра, приходите од продажба на електрината енергија на берза се во вредност од 5.900.144 иљади денари или 95,94 милиони евра.

Во останатите повисоки реализирани приходи во 2024 година учествуваат и приходите од балансирањето на износ од 1.747.714 иљади денари или 28,42 милиони евра, приходи од компензација Fskar на износ од 477.710 иљади денари или 7,77 милиони евра, приходите од дебаланс 47.655 иљади денари или 0,77 милиони евра, а сите останати приходи, (транзит, грант, камати, приклучоци, приходи од надомест на штети, приходи од поранешни години и приходи по други основи) изнесуваат 468.330 или 7,62 милиони евра.

Остварените консолидирани вкупни приходи во 2024 година на износ од 15.025.900 иљади денари или 244,32 милиони евра бележат зголемување од 19% во однос од остварените консолидирани вкупни приходи во 2023 година на износ од 12.676.080 иљади денари (206,12 милиони евра) или се повисоки за 2.349.820 иљади денари или 38,21 милиони евра или 19%

Имено, реализираните приходи од регулираните енергетски дејности од 1.846.332 иљади денари во 2024 година бележат зголемување од 5% или 82.509 иљади денари, компарирајќи ги со остварените од минатата година во висина од 1.763.823 иљади денари. Приходите од регулираните енергетски дејности бележат пред се поради зголемената регулирана просечна тарифа за пренос и корегираната просечна тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија. Имено, регулираната просечна тарифа за пренос во периодот од јануари до јуни од 2023 година изнесуваше 0,3113 ден/kWh и е намалена за 8,66 % во однос на претрходната која изнесуваше 0,3407 ден/kWh, во периодот од јули до декември од 2023 година изнесува 0,2582 ден/kWh т.е намалена за 17,06%. Просечната тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија во периодот од јануари до јуни од 2023 година изнесуваше 0,0086ден/kWh, додека во периодот

од јули до декември од 2023 година изнесуваше 0,0090 ден/kWh, односно е зголемена за 5,29%.

Регулираната просечна тарифа за пренос во деловната 2024 година изнесува 0,2935 ден/kWh и е зголенена за 13,68 % во однос на претходната 0,2582 ден/kWh. Просечната тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија во 2024 година изнесуваше 0,0122 ден/kWh, односно е зголемена за 35,91% во однос на претходната важешка тарифа за пазар од 0,0090 ден/kWh

Исто така и пренесените количини на електрична енергија во 2024 година од 5.895 GWh се за 4 GWh пониски во однос на пренесените количини од 5.891 GWh во 2023 година.

Во тековната 2024 година споредено со 2023 година, намалување од 82.690 илјади денари или 25% бележат приходите од системските услуги или балансната енергија, исто така евидентиран е износ на средства по основ на дебаланс пазар од 47.655 илјади денари, а минатата година беа евидентирани приходи по тој основ во висина од 52.106 илјади денари. Намалување брележат и приходите од компензација Fskar за 8% или 43.165 илјади денари. Приходите по основ на доделување на прекуграничните преносни капацитети, алокација се пониски за 53% или 2.441.167 илјади денари, намалени се приходите по основ на транзит, користење на интерконективните системи за 73 % или 106.819 илјади денари,

Истовремено зголемување бележат приходите од продажбата на електрична енергија набавена од повластените производители кои изнесуваат 2.493.486 илјади денари или 40,54 милиони евра, т.е се зголемени за 24% во однос на минатогодишните остварувања на износ од 2.018.195 илјади денари или 32,82 милиони евра. Пораст бележат и приходите по основ на продажба на електрична енергија на берза за 184 % или за 3.825.640 илјади денари или 62,21 милиони евра. Зголемување има и кај приходите по основ на баласирање за 71%, минатата 2023 година остварени 1.020.323 илјади денари или 16,59 милиони евра, во 2024 година реализирани се на износ од 1.747.714 илјади денари или 28,42 милиони евра.

# Остварени расходи во 2024 година

Во Консолидираниот Биланс на успех (Извештај за добивка или загуба) од Друштвото кое се консолидира дополнително се евидентирани трошоци од работењето со што вкупните расходи на АД МЕПСО во Билансот на успех од 6.050.379 илјади денари во консолидираниот биланс имаат зголемување од 8.531.041 илјади денари т.е изнесуваат 14.461.500 илјади денари.

Во деловната 2024 година во консолидираниот Биланс на успех на АД МЕПСО, вкупните расходи во висина од 14.461.500 илјади денари или 235,15 милиони евра се повисоки од расходите на АД МЕПСО на износ од 6.050.379 илјади денари за остварените расходи во МЕМО ДООЕЛ Скопје, во вредност од 8.531.041 илјади денари или 138,72 милиони евра.

Остварените консолидирани вкупни расходи во 2024 година на износ од 14.461.500 илјади денари или 235,15 милиони евра бележат зголемување од 23% во однос од остварените консолидирани вкупни расходи во 2023 година на износ од 11.779.877 илјади

денари (191,54 милиони евра) или се повисоки за 2.681.623 илјади денари или 43,60 милиони евра.

Во консолидираниот биланс на успех, поголеми ставки на расходи претставуваат амортизацијата на износ од 437.708 илјади денари или 7,12 милиони евра, трошоците за балансен капацитет во вредност од 1.020.239 илјади денари или 16,59 милиони евра, трошоци за балансна енергија во вредност од 1.084.598 илјади денари или 17,63 милиони евра, трошоците за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во преносната мрежа на износ од 696.952 илјади денари или 11,33 милиони евра, трошоците за бруто плати на износ од 706.327 илјади денари или 11,48 милиони евра, трошоците за алокација на прекугранични преносни капацитети на износ од 570.339 илјади денари или 9,27 милиони евра, како и трошоците за набавка на електрична енергија од повластените производители во износ од 2.458.143 илјади денари или 39,97 милиони евра ,

Трошоците за набавка на електрична енергија од берза во вредност од 5.900.144 илјади денари или 95,94 милиони евра, трошоците за ITC во висина од 20.686 илјади денари или 0,34 милиони евра, компензација -Fskar механизам во вредност од 661.185 илјади денари или 10,75 милиони евра како и трошоците за отстапувања БОС на износ од 377.998 илјади денари или 6,15 милиони евра.

Исто така значајни се и трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар кои се реализираа на износ од 29.518 илјади денари или 0,48 милиони евра, трошоците за сопствена потрошувачка во висина од 35.644 илјади денари или 0,58 милиони евра, инвестиционото и тековното одржување во висина од 95.099 илјади денари или 1,55 милиони евра, премиите за осигурување се остварени во износ од 29.273 илјади денари или 0,47 милиони евра, вкупните обврски за камати по кредити и добавувачи изнесуваат 59.076 илјади денари или 0,96 милиони евра, трошоци за изгубени спорови 724 илјади денари или 0,01 милиони евра, порамнување на отстапување дебаланс во вредност 82.215 илјади денари или 1,34 милиони евра.

Останатите материјални и нематеријални трошоци, на износ од 315.552 илјади денари или 5,13 милиони евра ги вклучуваат трошоците за транспортни услуги, банкарските услуги, трошоците на платниот промет, дневници за службени патувања во земјата и странство, патните трошоци, трошоците за стручно образование и технолошко усовршување, интелектуалните услуги како и трошоците за пропаганда, промоции, реклама, репрезентација, трошоци за вработените, даноци кои не зависат од резултат и сл.

# Консолидиран финансиски резултат – добивка

Во деловната 2024 година АД МЕПСО оствари консолидиран вкупен приход во висина од 15.025.900 илјади денари и консолидиран вкупен расход на износ од 14.461.500 илјади денари и консолидирана добивка во висина од 564.400 илјади денари.

Имено, во деловната 2024 година само АД МЕПСО-електропреносниот систем оператор оствари вкупен приход во висина од 6.579.874 илјади денари, вкупен расход во износ од 6.050.379 илјади денари и добивка од редовното работење во висина од 529.495 илјади денари.

Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ- Скопје во деловната 2024 година оствари вкупни приходи во висина од 8.565.946 илјади денари и вкупни расходи во висина од 8.531.041 илјади денари или добивка од редовното работење во висина од 34.905 илјади денари.

Поради тоа, консолидирано АД МЕПСО оствари позитивен финансиски резултат од редовното работење во висина од 564.400 илјади денари (добивка пред оданочување) или 9.177.236 евра.

# Пренесена количина на електрична енергија и регулирана тарифа

Вкупно пренесените количини на електрична енергија од 5.895 GWh во 2024 година се за 4 GWh повиосоки или скоро идентични со пренесените количини на електрична енергија од 5.891 GWh во 2023 година.

Регулираната просечна тарифа за услугата пренос на електрична енергија одобрена од Регулаторната комисија за енергетика (РКЕВУ) од 01.01 до 31.12.2024 година изнесуваше 0,2935 ден/kWh, односно е здолемена за 13,68% за во однос на претходно важечката која изнесувше 0,2582 ден/kWh.

Регулираната просечна тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија одобрена од РКЕВУод 01.01. до 31.12.2024 година изнесуваше 0,0122 ден/kWh, односно е зголемена за 35,91 % во однос на претходно важешката од 0,0090 ден/kWh.

# Резиме

Во консолидираните финансиски извештаи на АД МЕПСО за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година остварени се вкупни приходи во висина од 15.025.900 илјади денари или 244,32 милиони евра, што е 19% повисоко споредено со остварените консолидирани вкупни приходи за 2023 година во висина од 12.676.080 илјади денари или 206,12 милиони евра.

Консолидираните вкупни расходи во деловната 2024 година изнесуваат 14.461.500 илјади денари или 235,15 милиони евра, што значи дека се 23% повисоки споредено со остварените консолидирани вкупн расходи за 2023 година на износ од 11.779.877 илјади денари, односно 191,54 милиони евра.

**Во деловната 2024 година АД МЕПСО оствари консолидиран позитивен финансиски резултат – добивка пред оданочување од 564.400 илјади денари или 9,18 милиони евра.**

**Во деловната 2023 година АД МЕПСО оствари консолидиран позитивен финансиски резултат – добивка пред оданочување од 896.203 илјади денари или 14,57 милиони евра.**

**Консолидирани приходи и расходи- трошоци на АД МЕПСО**

| | 2023 година | | 2024 година | | разлика 2024-2023 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 000 ден | во евра | 000 ден | во евра | 000 ден | во евра | индекс |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6(4-2) | 7(5-3) | 8(4/2) |
| 1 приходи | 12.676.080 | 206.115.122 | 15.025.900 | 244.323.577 | 2.349.820 | 38.208.455 | 119 |
| 2 расходи | 11.779.877 | 191.542.715 | 14.461.500 | 235.146.341 | 2.681.623 | 43.603.626 | 123 |
| добивка - загуба(1-2) | **896.203** | **14.572.407** | **564.400** | **9.177.236** | **(331.803)** | **(5.395.171)** | **63** |

Во Годишната сметка на АД МЕПСО Скопје за 2024 година остварени се следните финансиски резултати искажани во следната табела:

**Консолидирани приходи и расходи- трошоци на АД МЕПСО за 2024 година - остварување**

| | АД МЕПСО | | МЕМО ДООЕЛ Скопје | | АД МЕПСО консолидирано | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 000 ден | во евра | 000 ден | во евра | 000 ден | во евра |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6(4+2) | 7(5+3) |
| 1 приходи | 6.579.874 | 106.989.821 | 8.565.946 | 139.283.675 | 15.025.900 | 244.323.577 |
| 2 расходи | 6.050.379 | 98.380.146 | 8.531.041 | 138.716.114 | 14.461.500 | 235.146.341 |
| добивка - загуба(1-2) | **529.495** | **8.609.675** | **34.905** | **567.561** | **564.400** | **9.177.236** |

**Прилог:**

- **Табела бр.1 Приходи и расходи од финансиското работење на АД МЕПСО за 2024 година-консолидирана**
- **Табела бр.1а Приходи и расходи од финансиското работење на АД МЕПСО за 2023 и 2024 година-консолидирана**
- **Табела бр.2 Биланс на состојба на АД МЕПСО за 2024 година - консолидирана**

Изработил:

Одделение за план и анализа
Ангелина Петреска, дипл.ек

СЕКТОР за ФИНАНСИСКИ РАБОТИ
ДИРЕКТОР
Анастасија Илиеска

УО бр.02-1782/2
24.03.2025 година

ПРЕТСЕДАТЕЛ на УПРАВЕН ОДБОР
доц. д-р Burim Latifi

Табела бр. 1а

# ПРИХОДИ И РАСХОДИ ОД ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА АД МЕПСО
## за 2024 година КОНСОЛИДИРАНА

| | | | во 000 ден. МЕПСО- КОНС. | во ЕУР МЕПСО- КОНС. | | во 000 ден. МЕПСО- КОНС | во ЕУР МЕПСО- КОНС. | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | елементи | конто | остварување I - XII 2023 | остварување I - XII 2023 | оств. 2023 % уч | остварување I - XII 2024 | остварување I - XII 2024 | оств. 2024 % уч | индекс |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 4а | 4б | 5 | 5а | 5б | 6(5/4) |
| | **приходи** | | | | | | | | |
| I (1+2) | **Приходи од регул. дејност- вкупно** | | 1.763.823 | 28.680.049 | 11,74 | 1.846.332 | 30.021.659 | 12,29 | 105 |
| 1 | **Приходи од регул. дејност- п р е н о с** | | 1.706.238 | 27.743.707 | 11,36 | 1.765.138 | 28.701.431 | 11,75 | 103 |
| 1а | пренос на активна електрична ен. | 310, 74011,74012,7: | 1.510.861 | 24.566.846 | 10,06 | 1.565.760 | 25.459.512 | 10,42 | 104 |
| 1б | врвна моќност | 74.022 | 168.202 | 2.734.992 | 1,12 | 174.087 | 2.830.683 | 1,16 | 103 |
| 1в | реактивна ел. ен | 74.014 | 27.175 | 441.870 | 0,18 | 25.291 | 411.236 | 0,17 | 93 |
| 1г | **Приходи од регул. дејност-пазар** | 74.018 | 57.585 | 936.341 | 0,38 | 81.194 | 1.320.228 | 0,54 | 141 |
| 1д | **Приходи од повластени производ** | 74.023 | 2.018.195 | 32.816.179 | 13,43 | 2.493.486 | 40.544.488 | 16,59 | 124 |
| 1ѓ | **Приходи од прод ел.ен на берза** | 740.231 | 2.074.504 | 33.731.772 | 13,81 | 5.900.144 | 95.937.301 | 39,27 | 284 |
| 2 | Системски услуги- балансна енергија | | 334.700 | 5.442.276 | 2,23 | 252.010 | 4.097.724 | 1,68 | 75 |
| 2а | секундарана регулација (aFRR) | 74.025 | 112.179 | 1.824.049 | 0,75 | 102.275 | 1.663.008 | 0,68 | 91 |
| 2б | терциерна регулација (mFRR) | 74.026 | 222.521 | 3.618.228 | 1,48 | 149.735 | 2.434.715 | 1,00 | 67 |
| 3 | Отстапување на БОС | 74021, 7300 | 1.020.323 | 16.590.618 | 6,79 | 1.747.714 | 28.418.114 | 11,63 | 171 |
| 3а | Порамнување на отстапув- дебаланс | 74.010 | 52.106 | 847.252 | 0,35 | 47.655 | 774.878 | 0,32 | 91 |
| 3б | Приходи од берза, надоместоци | 740.181 | 11.886 | 193.268 | 0,08 | 12.564 | 204.293 | 0,08 | 106 |
| 4 | Компензација - Fskar | 74024, 7422 | 520.875 | 8.469.512 | 3,47 | 477.710 | 7.767.642 | 3,18 | 92 |
| 5 | ITC механизам | 7.423 | 146.452 | 2.381.333 | 0,97 | 39.633 | 644.439 | 0,26 | 27 |
| 6 | Алокација на прекугранични преносни капа( | 7.421 | 4.605.616 | 74.888.065 | 30,65 | 2.164.449 | 35.194.293 | 14,40 | 47 |
| 7 | Камати, курсни разлики | 774, 775 | 57.002 | 926.862 | 0,38 | 70.904 | 1.152.911 | 0,47 | 124 |
| 8 | Приходи од судски спорови | 76.926 | 114 | 1.854 | 0,00 | 558 | 9.073 | 0,00 | 489 |
| 9 | Приходи од надомест на штети | 7.691 | 5.845 | 95.041 | 0,04 | 11.732 | 190.764 | 0,08 | 201 |
| 10 | Приходи од надом.за приклуч. | 7.677 | 16.580 | 269.593 | 0,11 | 16.580 | 269.593 | 0,11 | 100 |
| 11 | Приходи од грант -(Сискон Сименс) | 7.678 | 1.069 | 17.382 | 0,01 | 1.069 | 17.382 | 0,01 | 100 |
| 12 | Приходи од грант - Тринити | 7.679 | - | - | - | 897 | 14.585 | 0,01 | |
| 13 | Приходи од грант - WAMS | 76.790 | 1.320 | 21.463 | 0,01 | 1.320 | 21.463 | 0,01 | 100 |
| 14 | Приходи од грант - Кончар Кет Енергоинве | 76.791 | 11.223 | 182.488 | 0,07 | 11.862 | 192.878 | 0,08 | 106 |
| 15 | Приходи од поранешни години | 7.697 | 13.840 | 225.041 | 0,09 | 14 | 228 | 0,00 | 0 |
| 16 | Приходи од наплатена гаранција | 76.928 | - | - | - | 400 | 6.504 | 0,00 | |
| 17 | Приходи од наплатени пенали | 76.920 | - | - | - | - | - | - | |
| 18 | Други приходи од надомест на штети | 76.924 | - | - | - | 1.823 | 29.642 | 0,01 | |
| 19 | Приходи од дивиденда од неповр.друштва | 7.761 | 1.385 | 22.520 | 0,01 | - | - | - | - |
| 20 | Приходи по други основи | | 19.222 | 312.553 | 0,13 | 46.964 | 763.642 | 0,31 | 244 |
| | **I вкупни приходи** | | 12.676.080 | 206.115.122 | 84,36 | 15.025.900 | 244.323.577 | 100,00 | 119 |
| | **расходи** | | | | | | | | |
| 1 | Амортизација | 432 | 490.370 | 7.973.496 | 4,16 | 437.708 | 7.117.203 | 3,03 | 89 |
| 2 | Матер. енерг. рез делови и сит инв. | 401.403.404.408 | 37.318 | 606.797 | 0,26 | 29.518 | 479.967 | 0,20 | 79 |
| 3 | Сопствена потрошувачка на АД МЕПСО | 40.300 | 45.940 | 746.992 | 0,32 | 35.644 | 579.577 | 0,25 | 78 |
| 4 | Инвестиционо и тековно одржување | 412, 413 | 103.502 | 1.682.959 | 0,72 | 95.099 | 1.546.325 | 0,66 | 92 |
| 5 | Системски услуги (5а+5б) | | 2.694.894 | 43.819.415 | 18,63 | 2.104.837 | 34.224.992 | 14,55 | 78 |
| 5а | Закуп на балансен капацитет | 40.201 | 1.747.412 | 28.413.203 | 12,08 | 1.020.239 | 16.589.252 | 7,05 | 58 |
| 5а -1 | aFRR балансен капацитет | 40.201 | 473.514 | 7.699.415 | 3,27 | 418.098 | 6.798.341 | 2,89 | 88 |
| 5а- 2 | mFRR балансен капацитет | 40.202 | 1.273.898 | 20.713.789 | 8,81 | 602.141 | 9.790.911 | 4,16 | 47 |
| 5б | Балансна енергија | | 947.482 | 15.406.211 | 6,55 | 1.084.598 | 17.635.740 | 7,50 | 114 |
| 5б-1 | секундарна регулација ( aFRR ) | 40.208 | 367.648 | 5.978.016 | 2,54 | 381.449 | 6.202.423 | 2,64 | 104 |
| 5б-2 | терциерна регулација ( mFRR ) | 40.209 | 579.834 | 9.428.195 | 4,01 | 703.149 | 11.433.317 | 4,86 | 121 |
| 6 | Отстапување на БОС | 40.203 | 281.877 | 4.583.366 | 1,95 | 377.998 | 6.146.309 | 2,61 | 134 |
| 6а | Порамнување на отстапув- дебаланс | 4.495 | 56.701 | 921.967 | 0,39 | 82.215 | 1.336.829 | 0,57 | 145 |
| 7 | Компензација Fskar | 40207, 7011 | 524.212 | 8.523.772 | 3,62 | 661.185 | 10.750.976 | 4,57 | 126 |
| 8 | Загуби во преносна мрежа | 40.200 | 1.168.809 | 19.005.024 | 8,08 | 696.952 | 11.332.553 | 4,82 | 60 |
| 8а | Загуби во преносна мрежа МЕМО | 40.211 | - | - | - | - | - | - | |
| 9 | Пазарна тарифа | 40.204 | 936 | 15.220 | 0,01 | 1.204 | 19.577 | 0,01 | 129 |
| 10 | ITC механизам | 41.963 | 57.796 | 939.772 | 0,40 | 20.686 | 336.358 | 0,14 | 36 |
| 11 | ТЕЦ Неготино | 40.206 | - | - | - | - | - | - | |
| 12 | Алокација на прекугранични преносни капа( | 41.965 | 1.122.237 | 18.247.756 | 7,76 | 570.339 | 9.273.805 | 3,94 | 51 |
| 13 | Останати материјални и немат. трошоци | | 209.705 | 3.409.837 | 1,45 | 224.079 | 3.643.561 | 1,55 | 107 |
| | - транспортни услуги, ПТТ и сл. | 410, 411 | 6.398 | 104.033 | 0,04 | 7.364 | 119.740 | 0,05 | 115 |
| | - днев.за сл патув и патни трошоци | 440 | 27.999 | 455.268 | 0,19 | 27.153 | 441.512 | 0,19 | 97 |
| | - трошоци за донации и спонзорства | 443 | 29.983 | 487.528 | 0,21 | 23.157 | 376.537 | 0,16 | 77 |
| | - трош. за пром. проп. рекл, репрез. | 444 | 4.231 | 68.797 | 0,03 | 3.714 | 60.390 | 0,03 | 88 |
| | - банкарски усл и трош на плат. промет | 446 | 9.766 | 158.797 | 0,07 | 34.042 | 553.528 | 0,24 | 349 |
| | - трош за интел усл.- авторски хонорари | 44906 | 6.007 | 97.675 | 0,04 | 3.383 | 55.008 | 0,02 | 56 |
| | - останати трошоци | | 125.321 | 2.037.740 | 0,87 | 125.266 | 2.036.846 | 0,87 | 100 |
| 13а | Вредносно усогласување на побарувања | 455 | 107 | 1.740 | 0,00 | 39 | 634 | 0,00 | 36 |
| 14 | Трошоци за изгубени спорови | 4694 | 1.768 | 28.748 | 0,01 | 724 | 11.772 | 0,01 | 41 |
| 15 | Плати бруто | 421 | 560.145 | 9.108.049 | 3,87 | 706.327 | 11.484.992 | 4,88 | 126 |
| 16 | Трош за надом на штети | 468 | 1.224 | 19.902 | 0,01 | 381 | 6.195 | 0,00 | 31 |
| 17 | Премии за осигурување | 445 | 28.149 | 457.707 | 0,19 | 29.273 | 475.984 | 0,20 | 104 |
| 18 | Камати по кредити и добавувачи | 474+479+475 | 57.762 | 939.220 | 0,40 | 59.076 | 960.585 | 0,41 | 102 |
| | - камати од раб со неповр. субјекти | 474 | 43.300 | 704.065 | 0,30 | 50.993 | 829.154 | 0,35 | 118 |
| | - затезни камати | 479 | 72 | 1.171 | 0,00 | 3.441 | 55.951 | 0,02 | 4.779 |
| | - курсни разл од раб со непов субјекти | 475 | 14.390 | 233.984 | 0,10 | 4.642 | 75.480 | 0,03 | 32 |
| 19 | Надом. за трош на враб.(отпремнина) | 422, 441 | 41.538 | 675.415 | 0,29 | 48.810 | 793.659 | 0,34 | 118 |
| 20 | Даноци кои не зависат од резултатот | 447 | 58.184 | 946.081 | 0,40 | 41.039 | 667.301 | 0,28 | 71 |
| 21 | Данок на солидарност | 44.794 | 186.090 | 3.025.864 | 1,29 | - | - | - | - |
| 22 | Трошоци за наб на ел.ен од ППЕЕ | 7.015 | 1.976.109 | 32.131.854 | 13,66 | 2.458.143 | 39.969.805 | 17,00 | 124 |
| 23 | Трош за наб на ел ен од берза | 70.181 | 2.074.504 | 33.731.772 | 14,35 | 5.900.144 | 95.937.301 | 40,80 | 284 |
| | **II вкупни расходи** | | 11.779.877 | 191.542.715 | 81,46 | 14.461.500 | 235.146.341 | 100,00 | 123 |
| | добивка-загуба (I - II) | | 896.203 | 14.572.407 | | 564.400 | 9.177.236 | 3,90 | 63 |
| | пренес. ел. енер. во GWh | | 5.891 | 5.891 | | 5.895 | 5.895 | | 100 |

Табела бр. 2

# Биланс на состојба -
## (Извештај за финансиската состојба ) на АД МЕПСО
## состојба на 31.12.2024 година - КОНСОЛИДИРАНА

(во 000 ден.)

| елементи | МЕПСО (31.12.2024) | уч. % | МЕПСО (31.12.2023) | уч. % | индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| **А К Т И В А** | | | | | |
| А. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА) | 8.882.746 | 62 | 8.620.553 | 62 | 103 |
| 1.Нематеријални средства | 34.019 | 0 | 39.569 | 0 | 86 |
| - издатоци за истражувања и развој | - | - | - | - | |
| - концесии, патенти, лиценци ,заштитни знаци и други прав | 1.699 | 0 | 7.249 | 0 | 23 |
| - нематеријални средства во подготовка | 32.320 | 0 | 32.320 | 0 | 100 |
| 2.Материјални средства | 8.841.818 | 62 | 8.574.075 | 62 | 103 |
| - Недвижности (a+b) | 3.895.337 | 27 | 4.059.586 | 29 | 96 |
| а. Земјишта и шуми | 40.729 | 0 | 39.200 | 0 | 104 |
| б. Градежни објекти | 3.854.608 | 27 | 4.020.386 | 29 | 96 |
| - Постројки и опрема | 1.805.886 | 13 | 1.877.207 | 14 | 96 |
| - Транспортни средства | 40.869 | 0 | 12.573 | 0 | 325 |
| - Алат, погон и канц и инвент. имебел | 113.566 | 1 | 99.845 | 1 | 114 |
| - Аванси за материјални средства | 427.126 | 3 | 233.182 | 2 | 183 |
| - Материјални средства во поготовка | 2.558.019 | 18 | 2.290.667 | 16 | 112 |
| - Останати материјални средства | 1.015 | 0 | 1.015 | 0 | 100 |
| 3. Вложувања во недвижности | - | - | - | - | |
| 4. Долгорочни финансиски средства | 6.909 | 0 | 6.909 | 0 | 100 |
| - вложувања во подружници | - | - | - | - | |
| - вложув во придр.друштва и учество во заедн.влож. | 6.909 | 0 | 6.909 | 0 | 100 |
| - влож. во долг.хартии од вредност | - | - | - | - | |
| a) влож. во хартии од вредност кои се чуваат до доспеван | - | - | - | - | |
| b) влож. во харти од вред располож за продажба | - | - | - | - | |
| - останати долг. фин средства | - | - | - | - | |
| 5. Долгорочни побарувања | - | - | - | - | |
| 6. Одложени даночни средства | - | - | - | - | |
| Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (обртни средства) | 4.837.577 | 34 | 4.984.632 | 36 | |
| 1.Залихи | 46.704 | 0 | 50.117 | 0 | |
| - на суровини и материјали | 9.109 | 0 | 10.935 | 0 | 83 |
| - на рез. делови, ситен инвент., амбалажа и автогуми, | 37.595 | 0 | 39.182 | 0 | 96 |
| 2. Средства за отуѓ. наменети за прод. и прек | - | - | - | - | |
| 3. Краткорочни побарувања | 2.405.018 | 17 | 2.448.672 | 18 | 98 |
| - побарувања од поврзани субјекти | - | - | - | - | |
| - побарувања од купувачите | 2.361.749 | 17 | 2.312.530 | 17 | 102 |
| - побарувања од дадени аванси | 7.757 | 0 | 6.659 | 0 | 116 |
| - побар. од држ. по основ на даноци , прид. , царини | 35.158 | 0 | 127.557 | 1 | 28 |
| - побарувања од вработените | 354 | 0 | 1.926 | 0 | 18 |
| - останати краткорочни побарувања | - | - | - | - | |
| 4. Краткорочни финансиски средства | 573.832 | 4 | 498.483 | 4 | 115 |
| - побарувања по дадени заеми | 573.732 | 4 | 498.383 | 4 | 115 |
| - останати краткорочни побарувања | 100 | 0 | 100 | 0 | 100 |
| 5 Парични средства и парични еквив. | 1.812.023 | 13 | 1.987.360 | 14 | 91 |
| V. Платени трошоци за идни периоди и пресмет. прихо | 555.334 | 4 | 291.955 | 2 | 190 |
| **В К У П Н А А К Т И В А (А+Б+ V)** | **14.275.657** | **100** | **13.897.140** | **100** | **103** |
| ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА | 7.795 | | 7.795 | | |
| **П А С И В А** | | | | | |
| А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ | 9.508.888 | 67 | 9.003.462 | 65 | 106 |
| I. Основна главнина | 3.356.310 | 24 | 3.356.310 | 24 | 100 |
| II. Премии за емитирани акции | - | | - | - | |
| III. Сопствени акции | - | | - | - | |
| IV Запишан неплатен капитал | - | | - | - | |
| V. Рев. резерва и разлики одод вредн.сеопф добив | 60.903 | 0 | 60.903 | 0 | 100 |
| VI. Резерви | 3.290.419 | 23 | 3.302.049 | 24 | 100 |
| 1. Законски реезерви | 365.591 | 3 | 365.591 | 3 | 100 |
| 2. Статутарни резерви | - | | - | - | |
| 3. Останати резерви | 2.924.828 | | 2.936.458 | 21 | 100 |
| VII Акумулирана добивка | 2.295.829 | 16 | 1.470.653 | 11 | 156 |
| VIII Пренесена добивка | - | - | - | - | |
| IX Добивка за деловната година | 505.427 | 4 | 813.547 | 6 | 62 |
| X Загуба за деловната година | - | - | - | - | |
| XI Главнина на сопствениците на матичното друштво | - | - | - | - | |
| XII Неконтриолирано учество | - | - | - | - | |
| Б. ОБВРСКИ | 3.208.014 | 22 | 3.418.643 | 25 | 94 |
| I. Долгорочни резервирања за ризици и трошоци | - | - | - | - | |
| II. Долгорочни обврски | 1.250.399 | 9 | 1.344.571 | 10 | 93 |
| - обврски за аванси, депозити и кауции | - | | - | - | |
| - обврски по основ на заеми и кредити | 1.250.399 | 9 | 1.344.571 | 10 | 93 |
| III. Одложени даночни обврски | - | | | - | |
| IV. Краткорочни обврски | 1.957.615 | 14 | 2.074.072 | 15 | 94 |
| 1. - обврски спрема поврзани друштва | - | - | - | - | |
| 2. - обврски спрема добавувачи | 860.279 | 6 | 819.684 | 6 | 105 |
| 3. - обврски за аванси, депозити и кауции | 736.585 | 5 | 936.078 | 7 | 79 |
| 4 - обврски за даноци и придонеси на плата и надомести | - | - | 1 | 0 | |
| 5 - обврски кон вработените | - | - | 3 | 0 | |
| 6 - тековни даночни обврски | 7.604 | 0 | 23.093 | 0 | 33 |
| 7 - краткорочни резервирања за ризици и трошоци | - | - | - | - | |
| 8 - обврски по основ на заеми и кредити | 349.777 | 2 | 292.833 | 2 | 119 |
| 9. - останати обврски | 3.370 | 0 | 2.380 | 0 | 142 |
| V. ОДЛОЖЕНИ ПЛАКАЊА НА РИЗИЦИ И ТРОШОЦИ ( ПВР ) | 1.558.755 | 11 | 1.475.035 | 11 | 106 |
| VI. Обврски по основ на нетековни средства | - | - | - | - | |
| **В К У П Н А П А С И В А (А+Б+V)** | **14.275.657** | **100** | **13.897.140** | **100** | **103** |
| ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - ПАСИВА | 7.795 | | 7.795 | | |